РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ
MUZEU I LUFTËS MAQEDONASE PËR PAVARËSI
Бр.-Nr. 02-521/1
03.08.2023 год.-vit
СКОПЈЕ - SHKUP

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

До

Министерство за култура на Република Северна Македонија

Сектор за Музејска дејност и заштита на нематеријално културно наследство

Извештај

За извршени работи и работни задачи од 1 јануари до 30 јуни 2023 година

Подносител на извештајот:

м-р Даниела Николова

Директор на

НУ Музеј на македонската борба за самостојност

Скопје

Извештајот ја прикажува работата врз секоја од нејзините надлежности и се состои од две генерални целини: стручен дел каде што е претставена работата на

- стручните кадри на Музејот којшто впрочем ја претставува и интегралната дејност на Музејот во рамките на институциите на културата и

- општ дел за работата на Музејот кадешто се прикажани сите аспекти на работата на Музејот од аспект на административно-технички елементи, соработката на Музејот со сродни и други организации, тековни дејствија

Во извештајната 2023 година Музејот продолжи доследно да ја остварува својата дејност согласно законските надлежности со целосна примена на одредбите од Законот за култура, Законот за музеите и Законот за заштита на интегралната дејност на Музејот во рамките на институциите на културата.

Во рамките на годишните програмски и вонпрограмски активности на НУ Музеј на мкдонската борба за самостојност , во целост ги исполнуваме своите работни задачи и тековните активности кои произлегуваат од законските нормативи пропишани во Законот за култура, Законот за музеите и Законот за заштита на културното наследство и во реализација на Проекти со кои се зајакнува основната музејска дејност на институцијата.

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Во делот на подготовките и реализацијата на програмските и вонпрограмските активности, како директор на НУ Музеј на македонската борба за самостојност и оваа година сум целосно посветена во организирање на реформирањето на музејот со иницијативи за подготовка и спроведување на следните реализирани исклучително важни активности :

-Изработени се и усвоени нови Правилници за работа на музејската институција, Процедури за работа на стручно- техничкиот кадар. Како долгогодишен музејски работник (кустос-советник) , оформив музејски збирки кои беа од исклучително значење за евидентирање и водење на музејската документација (отварање на влезни, инвентарни и други помошни книги), го зголемив бројот на позиции – кустоси , задолжени за музејските збирки, се проширија истражувањата (кабинетски и теренски) и проширена соработка со експерти, надворешни соработници од повеќе слични институции. Ги пренесувам искуствата во подготовка на музејски концепции, реорганизирање на поставките по периоди. Музејските поставки добија нарации за секој период , објаснувања за предметите (артефакти) кои се примарни и ја раскажуваат музејската приказна . Донациите и соработките кои ги воспоставив со семејствата се од особено значење за збогатување на музејските колекции со нови предмети и материјали. Фокус се и конзерваторските интервенции на дрвените површини и конзервација на предмети и конзервација на хартија. Посветивме внимание и во делот на печатење на повеќе каталози, публикации кои се достапни на нашата Веб станица. Сите измени и дополнувања придонесоа да се изготви и нова Веб страница на музејот која е достапна до посетителите, која се дополнува со нови содржини. Промените на музејската поставка го зголеми бројот на посетители (домашни и странски) , како и зголемен број на промоции на книги , музички концерти, конференции, семинари во Конференциската сала на музејот.

Воспоставив соработка со повеќе институции (НУБ, Државен Архив, Музеј на Република Северна Македонија и со неколку институции од Регионот) со потпишување на Меморандум за соработка.

-Еден важен сегмент е обезбедување на простор за работа на вработените во музејот и обезбедување на персонални компјутери и печатари . Се дополнува и музејската поставка со помошни монитори, таблети , кои го промовираат музејскиот материјал и видео документарен материјал.

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Музејска поставка

Програмски проект :

ИЗМЕНИ, ДОПОЛНУВАЊА И ТЕХНОЛОШКО ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА МУЗЕЈСКА ПОСТАВКА - „МАКЕДОНИЈА ВОИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД"

Координатор : Даниела Митевска, кустос за збирката "Илинден и поилинденски период"

Горе наведениот проект кој се реализира во рамките на Годишната програма на НУ Музеј на македонската борба за самостојност – Скопје за 2023 година, финансиски поддржан од Министерството за култура на Република Северна Македонија во првата фаза од реализацијата се одвива според предвидената динамика. Раководителот на проектот во текот на февруари и март превзеде повеќе активности меѓу кои дефинирање и подготовка на Образец за оперативен и финансиски план за користење на буџетски средства за реализација напроект од интерес во културата (дел.бр. 05-143/2 од 09.03.2023година) и Барање за преведување на Прв дел финансиски средства (дел.бр.05-143/1 од 09.03.2023година).

Во рамки на годишната програма, започнато е класифицирање, селектирање, осмислување, концепирање, прибирање на музејски матријали и предмети за новата концепција на музејската поставка Македонија меѓу двете светски војни.

Осмислување и спроведување на потребните подготовки за реализација на проектот. Во врска со споменатите подготовки се започна со следните фази на реализација:

- Концепирање и подготовка
- Утврдување и подготовки за дислокација и отстранување на елементи во поставката кои заради дотраеност и био напад претставуваат опасност за ширење на истиот врз музејските предмети во поставката и воедно не соодветствуваат на музејскиот концепт
- Утврдување на фондот за изложување
- Подготовки и разработка на темите на работа

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

- Реализација на потребните истражувања во сродни институции заради прибирање на потребните материјали

- Поставени се текстови и предмети во витрините во поставка

- Изработени се стаклени витрини, граници и постамент за Црешовото топче

Програмски проект :

"ИЗМЕНИ , ДОПОЛНУВАЊАИ РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА МУЗЕЈСКАТА ПОСТАВКА МАКЕДОНИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ ВОЈНИ 1919 – 1940 "

Координатор Александар Тодоровски, кустос за збирката "Македонија меѓу двете војни 1919 -1940 "

Во рамки на годишната програма, се реализира првата фаза и се започна со втората фаза од реализацијата на проектот поврзан со музејската поставка за Македонија во меѓу двете светски војни 1919-1940 година. Се класифицираа, селектираа, се осмислување, концепираше, се прибираа музејски материјали и предмети за новата концепција на поставката. Првото истражување беше спроведено со кустос – етнолог надворешен соработник Елизабета Марковска. Во првата фаза од проектот, беа поставени форекси со опис за организациите и друштвата како, Илинденска организација, Македонската емиграција, МАНАПО, како и за три исклучителни ликови од нашата историја, Димо Хаџи-Димов, Ѓорче Петров и Димитар Влахов. Дизајнот е на Василија Чали, надворешен соработник.Во реконцепирањето во овој дел од поставката опфативме и дополнителни теми кои се од значење за историјата на македонскиот народ и овозможуваат развој на едукативни програми кај најмладите, со можност за развој и во школските содржини. Размислувавме и за прилагодување на поставката и за повозрасните домашни и странски посетители со збогатување на содржините со нарација, мултимедијална и видео промоција.

Втората фаза е во тек на реализација и се опфаќаат истражувања и поставување на текстови, предмети (артефакт) и амбиенти со социолошки теми , развој и подем на стопанство, индустријализација, развој на работничките движења, улогата на жените во меѓу воен период....

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Програмски проект :

ОМАЖ ЗА АНТЕ ПОПОВСКИ (1931-2003)

Координатор Данијела Трајкова-Крстиќ, виш кустос за збирката "Македонија во Втора светска војна "

Согласно Договор за учество во финансирање на Годишна програма со архивски број 31-196/1 од 02.03.2023 г. се започна со подготовка и реализација на проектот "Омаж за Анте Поповски (1931-2003) " од Годишната програма на музејот. Во областа на музејска дејност и заштита на нематеријално културно наследство, меѓу останатите проекти, поддржана е изложбата „Омаж за Анте Поповски (1931-2003)". Реализација на првата фаза од проектот се одвива според предвидената динамика. По спроведено институционални истражувања во Државниот Архив на Република Северна Македонија (ДАРСМ)- Подрачно одделение Охрид и по добивањето на копии од оригинална и необјавена архивската граѓа, направена е стручна распределба на истражениот фонд и евидентна листа на 100 необјавени материјали посветени на А.Поповски кои сведочат за извршувањето на функцијата претседател на Извршниот совет на Струшките вечери на поезијата (понатаму СВП) и од манифестација „Поетска ноќ во Велестово" 1999 г.). Во текот на април, мај и јуни се реализираа и останати активности,како:распишување на јавна набавка за архитектонски идеен,основен и 3D проект. Надворешен соработник на овој проект е Елизабета Марковска- кустос етнолог. Во текот на јуни остварена е и работна средба со надворешен соработник, рецезент на каталог - Атина Цветаноска. Дизајнот е на Александар Павловски. Според предвидената динамика на крајот од јуни, почетокот на јули се очекува целосна реализација на првата фаза од проектот, по што ќе биде изготвен детален извештај за ресорното министерство.

Програмски проект

ДОПОЛНУВАЊЕ НА МУЗЕЈСКАТА ПОСТАВКА – ЛИКОТ И ДЕЛОТО НА АКАДЕМИК МАТЕЈА МАТЕВСКИ

Координатор Ана Китановиќ, кустос за збирката "Македонија по Втората светска војна"

1. Проектна активност за 2023 год. – Дополнување на музејската поставка – Ликот и делото на Академик Матеја Матевски.

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Овој проект кој што како идеја е креиран во 2022 год е од големо значење и дава директен придонес во афирмирање на современото македонско книжевно културно наследство на регионално и меѓународно ниво.

По одобрувањето на истиот-како дел од годишната програма во областа на Музејска дејност и заштита на културно наследство, поднесено е Барање за преведување на 50% од финансиските средства потребни за реализација. Одреден е простор во делот на музејка поставка ,каде ќе бидат изложени лични предмети, фотографии и документи од академик и поет Матеја Матевски.

По издавањето на средствата дел од нив се употребени за теренско истражување во Државен Архив на Република Северна Македонија- Подрачно одделение Охрид. Истражувањето е реализирано од 8 до 10 мај 2023 год. од моја страна во соработка со стручен соработник – Елизабета Марковска – Кустос Етнолог.

Програмски проект:

ПРЕВЕНТИВНА ЗАШТИТА И ИТНИ КОНЗЕРВАТОРСКИ МЕРКИ НА ДРВЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ ОД ПОСТОЈАНАТА МУЗЕЈСКА ПОСТАВКА

Координатор Татјана Бошкова

Музејската дејност, освен своите историско-научни и документаристичките истражувања ги вклучува во функција и принципите на превентивната конзервација како важен елемент во зачувувањето и оддржувањето на музејската колекција. Превентивната конзервација елиминира било какви извори на штета со што се намалуваат сите физичко-хемискипотенцијални ризици врз музејските предмети, а превентивната заштита учествува во подобрување и стимулирање на пријатните микроклиматски амбиентални услови соодветни за културното добро кое се презентира.По извршениот увид кон состојбата на амбиенталната сценографија и етнолошките предмети, во текот на 2023година по десет се вклучени превентивните мерки на заштита и конзервација на музејските и амбиентално-сценските предмети во Музејот на македонската борба за самостојност во музејската поставка “Илинден и поилинденски период “

-Имајќи во предвид потребата од подобрување на присатпноста ,еден од важните приоритети е осветлувањето во постојаната музејска поставка. Од почетокот на 2021 година започнавме процес на замена на осветлувањето со лед светла во витрините на поставката, се со цел поголема видливост, пристапност до артефактите-предметите кој се примарни во музејската поставка. Продолживме и оваа 2023 година со осветлувања и се

поставени во деловите на поставката каде имавме потреба од дополна на лед светла се со цел да им овозможиме на посетителите пристап – светлина до витрините и амбиентите.

ЕДУКАТИВНИ ПРОГРАМИ

Координатор Ана Вишинова, едукатор

За прв пат оваа година, се организираат и во пракса се едуцираат ученици од училишта од повеќе градови во самиот простор на музејската поставка – Македонија во Првата светска војна 1914-1918 година, период кој се реконцепира и ја доби музејската форма на презентирање ,а воедно и простор за едукација од два аспекти кои се опфатени во музејската поставка : Воени случувања поврзани со фронтот и од социолошки аспект (го опфативме животот на луѓето по линијата на фронтот) со наслов на Линијата на фронтот. Едукативната работилница со наслов **"НА ЛИНИЈА НА ФРОНТОТ"** прв пат беше реализирана на 5 Мај во Музејот на македонската борба, со учениците од ООУ „Кузман Јосифовски-Питу". Во првиот дел на работилницата учесниците преку стручната презентација на музејските едукатори се запознаа со новиот дел од поставката: Македонија во Првата светска војна 1914-1918. Во завршниот дел на работилницата преку дискусија и интеракција тие имаа можност да го проверат своето знаење. Затоа што прв пат во оваа војна било употребено хемиско и биолошко оружје, учесниците имаа прилика да дознаат за примената и функцијата на гас маската.

Во текот на месец Мај со ООУ "Владо Тасевски" секој вторник во месецот реализиравме повеќе активности во двете работилници. Секоја работилница е со времетраење од 40 минути. Целта е наставниците со своите ученици еден училишен час да поминат во музејот и преку овие работилници да го надополнат своето знаење.

За краток период преку 200 ученици од повеќе училишта земаа учество во двете работилници.

МУЗЕЈ БЕЗ ПРЕЧКИ – МУЗЕЈ ПРЕДИЗВИК

Во рамките на проектот кој е дел од годишната програма на НУ Музеј на македонската борба за 2022 година, и оваа година продолжи со реализација на проектот за пристапност за лицата со инвалидитет.

Беше изработен и испечатен материјал (тефтер и пенкало) со дизајн на проектот, кои ќе послужи во тековните работилници и трибини за пристапност и оваа година.

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

- На 10 Мај 2023, со Државното училиште за деца и младинци со оштетен вид Димитар Влахов –Скопје,едукаторит, организираа посета на музејот на слепи и слабовидни лица на која присуствуваа лица од Романија и Република Србија. Поголемо внимание беше дадено на тактилната изложба ФОКУС, во рамките на музејската поставка.
- 12 мај 2023 година со почеток во 12 часот во музејот на Македонската борба се одржа финалната работилница со завршна реч во врска со проектот за пристапност на музеите "Музеј без пречки- Музеј предизвик". Наши гости беа членовите на здрушението Мобилност Скопје кои се воедно и учесници во креирање на конкретните предизвици за пристапност. На средбата присуствуваа голем број на одговорни лица на проектот(кустоси и организатори вработени во музеите) како и учесници кои се директно инволвирани за потребите на пристапноста во нив(лица со телесен инвалидитет и слепило од град Скопје и Сараево)

-Во континуитет се продолжува со организација и реализација на актуелната едукативно-креативната работилница со наслов "**ЗАМИСЛИ ГО ЖИВОТОТ ВО МИНАТОТО**".

На работилницата која се состои од два дела, учество земаат ученици од повеќе основни училишта од градот Скопје од различна возраст. Во првиот дел тие се запознаваат со предметите и начинот на живеење на нашите предци во минатото во етно куќичката во музејската поставка, а во вториот дел преку дружба и забава учениците ја имаа прилика да ја искажат својата креативност и знаење.

-По повод 75 години од основањето на Сојузот на борците како дел од серија на свечености со кој оваа година се одбележува големиот јубилеј 80 години од Народното востание, во соработка со Сојузот на борци , започнавме со подготовка и печатење на Монографија . Првата фаза од подготовките заврши во месец јуни и во тек е втората фаза од реализацијата на проектот.

-Еден од важните приоритети е комуникација со јавноста, која музејот ја реализира и преку редовното ажурирање на официјалната веб-страница на која ги објавуваме сите редовни ажурирања и настани на музејот. Информациите на веб старницата се објавуваат на македонски и англиски јазик. Паралелно со страницата, музејот во 2023 г. продолжи со активно ажурирање на профилите на социјалните мрежи facebook, google и instagram.

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

- Со новата Веб страница овозможуваме на посетителите да се запознаа со нашите нови содржини (музејска поставка и промотивни настани).

ПРОГРАМСКИ ПРОЕКТ

Изработка на мобилна апликација за подобрување на пристапот до постојаната поставка

Координатор м-р Маја Павловска Миноска, советник за односи со јавност и меѓународна соработка

Динамиката за оваа година ќе биде изработка на самата апликација односно дигитален веб базиран водич, во кој се планира да се вклучат проектите Музејски раритети, ФОКУС и Минато на дланка. Оваа содржина ќе биде дополнета со уште две тематски целини - клучни настани и клучни личности. Дел од содржините се подготвени во други проекти, а дел треба да се дополнат. Како дел од овој проект, предвидено е и онлајн презентација на музејските материјали. Во првата половина од годинава се изведе дигитализација со методот на фотограметрија на дваесеттина музејски предмети (музејски раритети плус дополнувања). Ова е прв обид за тридимензионална дигитализација на предмети од музејскиот фонд. Во рамки на овој проект ангажиран е фотограф за обезбедување нови сетови фотографиии од екстериерот, ентериерот и на посебни позиции во постојаната поставка. Дигитализацијата, фотографиите и другите материјали кои се продуцираат ќе бидат дел од апликацијата односно веб локацијата и останатите канали на комуникација на музејот. Реализацијата на дигиталниот веб базиран водич почнува со содржините кои веќе се комплетирани, а понатаму етапно ќе се дополнува со нови содржини. Изработката на водичот ќе биде веб базиран, со користење на дополнителни QR кодови и NFC тагови, позиционирани во самата музејска поставка, кои ќе служат за креирање на корисничкото искуство на посетителите. Овој водич ги зема во предвид пристапноста и инклузивноста на музејскта поставка за посетителите со попреченост, бидејќи содржините од Минато на дланка и ФОКУС првенствено се наменети за лица со попреченост во видот/слухот. Во тек е постапка за селекција на правно/физичко лице за реализација, а до крајот на годинава ја очекуваме првата верзија на водичот.

1. **Учество на обуки, работилници, советувања и сл.**

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

СОВЕТУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ СОВЕТ НА МУЗЕИТЕ (МНК ИКОМ) : **„МУЗЕИ ОДРЖЛИВОСТ И БЛАГОСОСТОЈБА“**

На 17мај 2023 година во просторите на Музејот насовремената уметност - Скопје Република Северна Македонија во пресрет на одбележувањето на 18 Мај – ***Меѓународен ден на музеите,*** Даниела Митевска, кустос ,учествуваше на на Советувањето на МНК ИКОМ кое традиционално се организира од страна на Здружението на Македонскиот национален комитет на Меѓународниот совет на музеите (МНК ИКОМ) и со поддршка од Министерството за култура на Република Северна Македонија, во рамките на Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2023 година.

Оваа година Музејот учествуваше на Јубилејот 30 годиниод основањето на МНК ИКОМ, Советувањето беше посветено на темата: „МУЗЕИ ОДРЖЛИВОСТ И БЛАГОСОСТОЈБА “(предложена тема од Меѓународниот комитет на музеите – ИКОМ) при што повеќе колеги стручњаци во своето поле се произнесоа со свои презентации во врска со споменатата темата. На Советувањето се претстави Даниела Митевска со своја презентација на тема: Ефекти на трансформацијата – потенцијал за инклузија и едукација, Проект: Измени и дополнување на музејската поставка -„Македонија во Првата светска војна“1914-1918. Преку оваа презентација ги претстави последните тековни активности во НУ Музеј на македонската борба за самостојност преку реализацијата на проектот“Измени и дополнувања на музејската поставка Македонија во Првата светска војна 1914-1918 година”кој беше дел од Годишната програма на НУ Музеј на македонската борба за самостојност – Скопје за 2022 година, а со чија реализација се спроведе комплексна трансформација на делот од музејската поставка посветен на настаните од Првата светска војна која овозможи отвореност и флексибилност во презентирањето, со што се создадоа широки можности за организирање на едукативни и креативни работилници и негување на инклузивноста и пристапноста кои се приоритет во програмските активности на музејот.

-На 30-31 Мај Ана Вишинова, едукатор, учествуваше на Конференцијта за современа музејска едукација која се одржа во Национална галерија на Северна Македоија во партнерство со Fontus Fine and Performing Arts-Fontus University of Applied Science од Тилбург, Холандија. Со презентацијата “Едукација- клучна карика во музејското работење„ ја претставив праксата на музејската едукација во Музејот на македонската борба

МУЗЕЈСКА ПОСТАВКА- ПРОМОЦИЈА И ПОСЕТЕНОСТ

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Во периодот од јануари до јуни 2023 година,музејските водичи во Музејот на македонската борба, ја презентираа и ја водеа постојаната музејска поставка на посетители. При тоа, посетителите беа од Македонија и од странство, водени на македонски и на англиски јазик, индивидуални посетители, но и организирани групи, од кои доминантни беа учениците, особено во текот на месеците април, мај и почеток на јуни. Исто така покрај презентацијата, беше вршена и координација на останатите водичи во однос на закажаните и организирани групи. Во однос на посетеноста, би ги издвоиле групите: Директорот на Универзална сала со негови гости, Питомци од воената академија Генерал Михајло Апостолски, Ученици од Еразмус програмата, група студенти од Холандија, организирани групи од основните и средните училишта од Македонија, Здруженија на деца со посебни потреби, гости од ДЗР (државен завод за ревизија) со нивни гости од повеќе земји од странство, студентска група од Данска, посетители од Државниот архив со нивни гости историчари од Србија, гости од Италијанската амбасада, студенти од Правен факултет, ученици од сите основни и средни училишта, гости од АРСМ со нивни гости од странство, посетители од балканските држави Словенија, Хрватска, Бугарија, Албанија и сл. , студентски групи од повеќе земји од Европа, пензионерски организирани групи.

ПУБЛИКАЦИИ

Се испечатија два нови каталози "Македонија во првата светска војна", автори м-р Даниела Николова, кустос советник, Даниела Митевска, едукатор и Данијела Трајкова-Крстиќ, кустос и од "Чета до армија", автори Анче Илиеска, музејски водич, м-р Бојан Трпески, музејски водич, Владо Кузмановски, музејски водич и Дарко Трпески, музејски водич. Иницијативата да се обработи и публикува една ваква тема, произлезе од потребата за дополнување на музејските содржини со тема блиска до воената доктрина и воената стратегија почнувајќи од почетоците на 19 век па се до формирањето на македонската армија- АРМ. Истите се достапни на Веб страната на музејот.

ПРОМОЦИЈА И МАРКЕТИНГ

Важен дел од музејското работење е музејската промоција и организација и промоција на настани, организирани во Конференцискатa сала и во Галерискиот простор во Порта Македонија. Организирани се повеќе настани, конференции, семинари, музички концерти и индивидуални концерти и музички настапи. Се промовираа и одржаа концерти Скопско културно лето, Есенски свеченост, оваа година беше јубилејна за Музичка младина која одржа повеќе концерти, концерти беа организирани и од неколку амбасади. Се организираше национален ден на Италија во просториите на музејот и на отвореното плато кон р. Вардар.

Се реализираа и два проекти подржани од министерството за култура – Сектор за музичка дејност . Координатор е Александар Алексоски, одговорен за организирање на промоции.

ТЕХНИЧАРИТЕ И ПРЕПАРАТОРИ ВО МУЗЕЈСКА ПОСТАВКА И ДЕПО

Редовно се одржува и навремено се спроведуваат интервенции во музејската поставка од страна на техничките лица

1.Одржување на поставка, редовна проверка на помошните музејски реквизити и восочни фигури,

2.Проверка и одржување на системите за ладење и греење, вентилација,

3.Проверка и интервеницијa на менување на светла во поставките и во помошните простории,

4.Отварање на витрини и нивно одржување

5. Редовно проверување на депојните постории, на ракувачот на депо во присуство на минимум еден кустос , проверка на предметите и нивно евидентирање, како и проверка на температура и влажност во депоата.

ПРОГРАМСКИ ПРОЕКТ

Порта Македонија- Центар на современа уметност

Со оглед на тоа дека уметноста игра важна улога и е основен движечки мост за развој на едно општество НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје, во рамките на Годишната програма за работа на Порта Македонија за 2023 година, предвидовме организирање на десет изложби кои ќе бидат реализирани во соработка со слободните уметници,студенти од Факултетот за ликовна уметност,студенти од Американ колеџ,ученици од средното уметничко училиште.

Се реализираа повеќе изложби, предавања во првата фаза од реализација на проектот. За потребите на Порта се изработија две витрини кои се потребни за поставување и изложување на материјали, предмети или фотографии за изложби или промоции во перспектива.

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

По повод 120 години од Илинденското востание 1903-1923 година во холот на музејот поставивме изложба со наслов "Темелник на македонската државност" . На 26 времени музејски паноа , музејот на автентичен начин ја презентира историјата на македонскиот народ и сите премрежја низ кои поминала за да се вткае државноста и самостојноста како темел за понатамошен развој базирајќи се на оригинални документи и фотографии. Изработен е и Плакат кој е централно поставен во холот на музејот.

Скопје, 28.07.2023 г.

Подготвил:

Директор

м-р Даниела Николова

Доставено до:Архива на музејот; Управниот Одбор на музејот; Министерство за култура.